

**Боро Митриќески се занимава со различни техники - од скулптура, ситна пластика, бронзи, слободни форми.**
**Моја дамнешна желба беше да го работам ликот на Александар, но дури зимава, некако ослободен од сите грижи во врска со изложбите, сериозно се зафатив со таа идеја.**



Пишува: **Милева ЛАЗОВА**

# ГОЛЕМАТА ЉУБОВ

Во ателјето во МАНУ, еминентниот македонски скулптор Боро Митриќески го создаде најновото дело - скулптурата на Александар Македонски со неговата свита. Во досегашниот исклучително богат скулпторски опус на Митриќески може да се најдат повеќе портрети и фигури на значајни историски имиња од македонското минато, Кирил и Методиј, Марко Цепенков, Григор Прличев, цар Самуил, но ова е прва негова претстава на големиот македонски освојувач Александар Македонски.

Првите сознанија за скулптурата тој ги стекнал уште во далечната 1948/49 година, Академија за ликовна уметност завршил во Загреб, работел како ликовен педагог, потоа како слободен уметник, за на крај да се пензионира како директор на Уметничката галерија во Скопје. Од 1997 година е примен за редовен член во Македонската академија на науките и уметностите, каде што се наоѓа и неговото ателје во кое создава врвни дела од дрво, камен, бронза...

## ДАМНЕШНА ЖЕЛБА

"Многу одамна сум размислувал - вели Митриќески - за нашата стара античка историја, за Александар не само како наш туку и како светски великан. Во тие моменти на размислување покрај нашите други историски ликови и настани кои ги работам, си реков зошто не би седнал и да направам нешто навистина вредно. Зошто? Ние најмногу имаме право на ова тло, сè уште со археолошките истражувања наидуваме на културни богатства коишто постоеле. Ред е некако да се оддолжиме. Да живееме сега во некој богат свет, навистина би се ценел напорот да се изработи скулптура на личност како Александар. Чест е да се има ваков човек во својата историја, а токму ние најмалку сме сториле за него. Сè уште газиме на тие коски кои на некој начин нè обврзуваат и да ја браниме и да направиме нешто. Моја дамнешна желба беше да го работам ликот на Александар, но дури зимава, некако ослободен од сите грижи во врска со изложбите, сериозно се зафатив со таа идеја. Се обидов, имав направено неколку варијанти. Прво, направив коњаник како споменично обележје, по чиј терк мислев да ја работам скулптурата на Александар како коњаник. Потоа дојдов на идеја дека делото многу подобро би изгледало композициски ако Александар го поставам во друштво со неговата свита од девет коњаници. Ваквата композиција има специфична тежина при вајањето, но крајниот резултат излезе навистина добро. Свитата на Александар не е во битка, таа е на некаква парада, на прошетка".

Тајната на новото дело на Митриќески е во вештината да ги претстави деветте коњаници со различен израз на лицето, во различна положба на телото и во движење, и покрај релативно малите димензии на скулптурата (1,20 м на 50 см).

Господинот Митриќески планира скулптурата да ја направи во дрво, затоа што неговите димензии се идеални за обликување во дрво, што е нова креација и нов предизвик.





работено голем број дела од кои некои сè уште го красат градот Скопје, па и другите македонски градови - споменични обележја како Кирил и Методиј, кој е поставен пред истоимениот Универзитет, потоа многу познатиот споменик "Жена борец" поставен во Жена парк, како и во Делчево итн.

"Имам направено и многу бисти на народни херои, исто така, драга скулптура ми е 'Дојрана' изработена во мермер, речиси во природна големина...Секое од тие дела, било да е изработено од камен, мермер, бронза или, пак, дрво, бара различна техника на изработка. Изработката во бронза трпи послободна, поразлеана форма, додека кога се работи за камен, делото мора да биде покомпактно и зависи од која концепција се почнува. Јас ги познавам трите материи. Повеќе дела имам направено во дрво, кое ми е многу својствено. Климент, релјеф, Прличев, Миладиновци, Самуил, кој е награден со Гран При, ... сите тие



ми се изработени од дрво. Изложби имам многу, затоа што долго работам. Мои дела има и во Полска, и во Белград, Париз, Шведска, Канада, Америка, во Израел итн.".

Според Митриќески, ако се има голема љубов кон нешто тогаш е лесно човек да се занимава со својата професија. Како што вели тој, ја совладувате и не се откажувате.

"Меѓутоа, кај нас да се егзистира од оваа професија - објаснува Митриќески - е проблематично и тешко, особено за младите денес. Ова морам да го поврзам со политиката на финансирање. За човек да направи едно добро дело треба самиот да вложи затоа што никој не го финансира, а тоа е многу скапа работа. Од друга страна, пак, доаѓаат од државниве

# КОН СКУЛПТОРСТВОТО

"Би сакал - додава Митриќески - да ја излеам и во бронза, но за тоа во моментов не сум финансиски подготвен, затоа што е многу скапо. Доколку ја направам во бронза би можела да биде поставена некаде на отворено, на некој плоштад или слично, меѓутоа доколку биде само во дрво, тоа не е изводливо, бидејќи дрвото е материјал кој бара посебни услови, односно да биде ентеријерно".

## ДОЛГ ПАТ

Академик Митриќески има остварено бројни изложби, како самостојни така и групни. И тој самиот не може да се сети каде сè изложувал. Тоа докажува дека има из-



институции и бараат дело за да се направи една изложба, го носат таму, прават убава манифестација, а крајниот резултат е некогаш делото ќе се врати назад и тоа оштетено и како ништо да не се случило. И тука сè се завршува".

Академик Митриќески на крај вели дека колку-толку успеал и се изборил за она што е денес, меѓутоа во ова време за младите таленти е многу тешко да се занимаваат со овој вид уметност, иако нивните дела ја претставуваат македонската културна нација секаде во светот.